РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет Велес
Бр. 03-578/1
06.09.2013 год.
Велес

Технолошко – технички факултет Велес

Faculty of Technology and Technical Sciences Veles

Друштво за истражување, производство, инженеринг, консалтинг услуги и трговија
ЦЕНТАР ЗА ПЛАЗМА ТЕХНОЛОГИИ ПЛАЗМА ДОО
Бр. 03-98
06.09.2013 год
Скопје


Улица:„Петре Прличков" 42, 1400 Велес
Address: "Petre Prličkov" 42, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk

Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203


# ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 02.09.2013 година помеѓу:
1.**Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Петре Прличков" бр.42 Велес, претставуван од Деканот доц. д-р Валентина Павлова и
2. **ПЛАЗМА ДОО-Центар за плаЗма технологии**, со седиште на ул.„Вељко Влахович бр18/МЕЗАНИН , 1000 Скопје претставувана од директорот Д-р Илија Насов.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-техничкиот факултет Велес и Пласма-Скопје, за начинот на изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи на студентите од I (прв) циклус студии, а согласно предвидените наставни програми.

**Член 2**

Договарачот Пласма - Скопје се обврзува за потребите на студентите од I (прв) циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет Велес, да овозможи изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, во нивни соодветни простории, апаратура и други работи кои се неопходни за стручно и квалитетно изведување на споменатите активности на студентите.

**Член 3**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува за потребите на своите студенти од I (прв) циклус студии, за изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, навремено да го известува договарачот .

**Член 4**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува наместо финансиски надомест за дадените услуги, да го објави логото на договарачот Пласма -Скопје на web страната на факултетот.

**Член 5**

Овој Договор за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која договорна страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

**Член 6**

Овој Договор за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Д о г о в о р н и с т р а н и**

| Технолошко-технички факултет Велес | Пласма-Центар за плазма технологии |
|---|---|
| Д е к а н | Д и р е к т о р |
| Доц. д-р Валентина Павлова | Д-р Илија Насов |